**20161633632**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 август 2016 година.

Бр. 08-3651/1
25 август 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател на
Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Член 1 Во Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16 и 120/16), во членот 14 став (2) по зборот „развој“ се додаваат зборовите: „освен корисниците на помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани и корисниците на дополнителна помош за исплата на загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани“.

Во ставот (3) по зборот „развој“ се додаваат зборовите: „освен корисниците на помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани и корисниците на дополнителна помош за исплата на загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани“.

Член 2

Во членот 99-б ставови (4) и (5) се бришат.

Член 3 Започнатите постапки за помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани и постапките за дополнителна помош за исплата на загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани до денот на

влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат согласно со Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16 и 120/16).

Член 4 Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.